**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Историја и општество

## за IV одделение

**Скопје, 2021 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Историја и општество*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IV (четврто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Моето опкружување***<br>• ***Средината во која живеам***<br>• ***Мојата држава*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни уреди.<br>• Илустративен приказ на знамето и грбот на Република Северна Македонија.<br>• Физичко-географска карта на Република Северна Македонија (размер 1 : 50 000) и нема карта на Република Северна Македонија.<br>• Сложувалки со слики од општината и симболи на општината.<br>• Визуелни прикази за реализација на содржините и активностите поврзани со Република Северна Македонија како мултикултурно/мултиетничко општество.<br>• Работни листови подготвени од наставникот. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во четврто одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Општество и демократска култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки, |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата, |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно, |
| VI-A. 5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.), |
| VI-A. 6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него, |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да учествува во хуманитарни и волонтерски акции и истите да ги поддржува, |
| VI-A.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот, |
| VI-A.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него, |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување, |
| VI-A.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права, |
| VI-A.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите, |

| | |
|---|---|
| VI-А.16 | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето, |
| VI-А.18 | критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување, |
| VI-А.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето, |
| VI-А.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат, |
| VI-А.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата, |
| VI-А.24 | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој, |
| VI-А.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето, |
| VI-А.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато, |
| VI-А.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент врз етичките норми и вредностите што ги застапуваат. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.), |
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси, |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина, |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата, |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес, |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината, |
| VI-Б. 8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите, |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот, |

| | |
|---|---|
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор, |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и за почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество, |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво*** и ***Уметничко изразување и култура***.

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ, |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби, |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци, |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето |
| IV-А.12 | да истражува можности за користење различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика, |
| IV-А.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста, |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример, родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример, ученик, син/ќерка), |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |

| | |
|---|---|
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби, |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себеси и по другите, |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина), |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош, |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци, |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките, |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки, |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење, |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот, |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |

| | |
|---|---|
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти, |
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување, |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на другите култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава, |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има ограничувања и може да носи ризици за поединецот или за општеството, |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди, |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето, |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, за остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима, |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат, |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***МОЕТО ОПКРУЖУВАЊЕ***

Вкупно часови: **10** часа

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. прави разлика меѓу вистинското/искрено пријателство и пријателството од корист,
2. препознава несоодветно однесување под групен притисок и непромислено однесување кое води до непосакувани последици,
3. препознава непотизам, подмитување и корупција во дадени примери (ситуации) и наведува примери за нивно спречување,
4. негативно ги вреднува родовите норми на однесување и родово базираното насилство,

Ученикот/ученичката ќе развива вештини за:

5. одолевање на социјални притисоци,
6. препознавање и реагирање на родови стереотипи и предрасуди и на родово базирано насилство.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Односи меѓу деца (вистинско пријателство, пријателство од корист, поткупување, групен притисок). | • Идентификува особини на вистинско и искрено пријателство.<br>• Разликува вистинско пријателство и пријателство за одредена корист.<br>• Препознава несоодветно однесување што се прави под групно влијание.<br>• Објаснува како може да се спротивстави на притисоците на другарите за несоодветно однесување.<br>• Објаснува како непромисленото однесување води кон непосакувани последици. |
| • Непотизам, мито и корупција (непотизам, подмитување, мито, корупција, антикорупција). | • Наведува примери на правилно, праведно и чесно однесување во конкретни ситуации од реалноста.<br>• Разликува непотизам во дадени примери на ситуации. |

| | |
|---|---|
| | • Наведува примери на ситуации од реалноста во кои е можно да се јави непотизам. (Да се определи контекстот – училиште и сл.)<br>• Препознава подмитување во дадени ситуации.<br>• Наведува примери за правилно постапување во ситуации, на пример, обид за подмитување.<br>• Го дефинира поимот корупција со свои зборови.<br>• Ги објаснува последиците од корупцијата со свои зборови.<br>• Наведува предлози за спречување на корупцијата опишана во дадени примери. |
| • Родови норми на однесување (емпатија, родови стереотипи и предрасуди, родово базирано насилство). | • Препознава особини и однесувања што се очекуваат од момчињата и девојчињата врз основа на родово базирани норми.<br>• Ги вреднува родово базираните норми на однесување како непосакувани (како поддршка на родовите стереотипи и предрасуди).<br>• Ги објаснува негативните последици од родово базираното насилство (вербално и физичко).<br>• Го вреднува родовото базираното насилство како несоодветно. |

**Примери за активности**

- Учениците пишуваат на идентични листови (поделени од наставникот) по една порака за пријателство упатена до најдобриот другар/другарка (имињата не се наведуваат ниту на оној кој ја пишува пораката ниту на оној кому му е упатена). Сите листови ги ставаат во кутија и ги мешаат. Потоа, еден по еден, извлекуваат по една порака од кутијата и ја читаат. На крајот сите пораки ги лепат на постер наречен *Пријателство* и го закачуваат во училницата.
- Наставникот подготвува приказни за пријателство во кои ликовите ги имаат следните особини: завист, љубомора, омраза, љубов и чесност. Учениците, поделени во групи, добиваат по една приказна и листа со наведени особини кои треба да ги пронајдат кај ликовите во приказната и да ги издвојат според нив. Потоа секоја група ги наведува особините на ликовите и објаснува преку кои постапки ги согледале наведените особини кај ликовите. Учениците може да додадат и други особини за одреден лик, што може да ги согледаат од неговите постапки опишани во приказната. Во презентирањето учениците кажуваат и кои од ликовите може да ги сметаат за пријатели, а кои не. На крајот учениците водат завршна дискусија за тоа што е вистинско пријателство, а што пријателство од корист.
- Учениците одговараат на прашања напишани на наставни листови поврзани со реални ситуации (пример: *Твојот другар сака да гледа натпревар и не може да ја напише домашната. Ти нуди 50 денари за да му ја напишеш. Како ќе постапиш?*; *Сведок си на случка кога едно дете со топка крши прозорец на куќа. За тоа е обвинето друго дете кое случајно поминува. Детето кое го скрши прозорецот ти ја дава топката само за да не ја кажеш вистината. Како ќе постапиш?*; *Твојот другар им кажува на сите дека е болен, но тој останува да игра на игралиштето. Ти дава чоколадо за да ја чуваш тајната. Како ќе постапиш?*).

Потоа доброволно се јавуваат ученици кои ги читаат одговорите и се дискутира за постапките во конкретните ситуации и се воведува поимот подмитување (мито).

- Наставникот подготвува ливчиња на кои се наведени несоодветни однесувања што вообичаено ги прават децата (момчиња и/или девојчиња) под влијание на групата на која ѝ припаѓаат или сакаат да ѝ припаѓаат (на пример, крадење овошки од туѓ двор, чкртање по ѕидови, гаѓање мачки со камчиња, дофрлување навреди на деца во училишниот двор, крадење од продавница, играње со топка во училница, групно преминување улица надвор од пешачки премин, исмејување на наставничката, исмевање на дете со попреченост и сл.). Учениците, поделени во групи, влечат по едно ливче, го анализираат однесувањето што им се паднало од аспект на неговата соодветност и условите во кои тоа најчесто се случува, смислуваат ситуација од реалноста кога тоа се случува и подготвуваат да ја изглумат. Откако секоја група ќе ја изглуми „својата“ ситуација, другите групи даваат предлози за тоа како требало да се постапи за да не се случи тоа. Откако сите групи ќе завршат, заеднички се заклучува што треба да се направи за да се одолее на притисоците на групата.
- Наставникот подготвува ситуации кои опишуваат несоодветно однесување со кое се нанесува штета (пример: ставање сопка на дете кое паѓа и му се кршат очилата, трескање врата кога друго дете се обидува да влезе, шутирање топка во прозорец, губење клуч од дома на друго дете и сл.). Учениците, поделени во групи, влечат по една ситуација и ја анализираат, одговарајќи на прашањата: 1) *Кои се последиците од постапката?;* 2) *Дали штетата е направена намерно?;* 3) *Како можело да се избегне штетата?* и 4) К*ако може да се поправи нанесената штета?* Потоа ја презентираат „својата“ ситуација и направената анализа пред сите, по што се води дискусија за да се дојде до заклучок дека непромислените постапки може да доведат до непосакувани последици.
- Наставникот подготвува незавршена приказна во која има индиции за непотизам (на пример, како одреден ученик кој ги има сите петки се подготвува да оди на натпревар во странство, но во последен момент се одлучува наместо него да оди друг ученик којшто е роднина на директорот). Потоа наставникот ги дели учениците во групи и им дава насоки да подготват можен крај на приказната. Притоа, половина од групите нудат крај во кој, сепак, оди ученикот којшто бил првично планиран, а другата половина од групите нудат крај во кој оди ученикот којшто е роднина на директорот. Учениците ги читаат приказните и сите заедно дискутираат за непотизам – користење на роднинските или пријателските врски за обезбедување незаслужени придобивки и за начинот на спречување на таквата појава.
- Наставникот подготвува текст во кој е прикажано едно дете како му подарува скап подарок на друго дете. Потоа ги дели учениците во 6 групи за да може да дискутираат за можните причини поради кои едно дете му подарува скап подарок на друго во една од следните околности (по 2 групи работат на секоја околност): 1) кога го купило подарокот од парите што ги заработило, помагајќи им на соседите, 2) кога го украло подарокот, 3) кога го купило од парите што родителите му ги дале за да си купува појадок во текот на една недела. Во рамките на секоја околност едната група дискутира за ситуации кога детето имало добра намера, а другата за ситуација кога сакало да извлече некаква корист од тоа. На крајот сите групи ги презентираат своите заклучоци и се води дискусија со сите за подмитување.
- Учениците разговараат за одговорноста на одредени професии (на пример, наставник, полицаец, лекар, инспектор). Потоа наведуваат хипотетички ситуации – што ќе се случи доколку некој од луѓето од наведените професии не си ја извршува работата

чесно и одговорно (на пример, наставникот добива скап подарок за да напише петка на некој ученик, полицаецот зема пари од несовесен возач кој направил престап за да не му напише казна, лекарот зема пари од сиромашни луѓе за да ги лекува, инспекторот за животна средина зема пари од директорот на фабриката која ја загадува локалната река итн.). Потоа се воведува поимот корупција, се дискутира за штетноста од таквите постапки и се наведуваат предлози како треба учениците да постапат доколку самите се најдат во ситуација кога некој се обидува да ги подмити. Тие треба да го одбијат тој кој се обидува да ги поткупи за да не бидат корумпирани. Дискусијата се проширува на тоа: 1) како би постапиле на местото на полицаецот/наставникот/лекарот/инспекторот на кој му се нуди скап подарок за да се постигне нешто и 2) како би требало луѓето да постапат доколку имаат сознание дека некој нивен колега полицаец/наставник/лекар/инспектор земал поткуп за да заврши некому некоја работа.

- Наставникот означува три агли во училницата со листови на кои пишува: „Се согласувам“, „Не се согласувам“ и „Не можам да одлучам“. Потоа чита тврдења кои одразуваат родови стереотипи (на пример, момчињата се силни, а девојчињата се слаби; девојчињата подобро лажат од момчињата; момчињата смеат да се тепаат, а девојчињата не смеат; девојчињата смеат да плачат, а момчињата не смеат). По секое тврдење учениците се распоредуваат во соодветниот агол и секој ученик одделно, наглас, дава објаснување зошто се позиционирал во конкретниот агол (наставникот внимава да не дојде до меѓусебни препирки). Постапката се повторува по секое тврдење. На крајот се води дискусија околу тоа: 1) какво мислење доминира меѓу децата и возрасните за да се заклучи дека повеќето очекуваат да постојат наведените разлики меѓу девојчињата и момчињата; 2) дали разликите меѓу момчињата и девојчињата наведени во тврдењата се вродени или се научени за да се заклучи дека средината ги прави да бидат такви и 3) дали треба да се прават такви разлики во однесувањето на момчињата и девојчињата за да се заклучи дека она што е несоодветно однесување (како на пример, лажење, тепање) е несоодветно и за едните и за другите, а дека и едните и другите можат да имаат исти особини (да се однесуваат како силни или слаби и да плачат ако им се плаче). На крајот се дискутира и за други разлики во однесувањето и во особините на момчињата и девојчињата што ги наметнува средината.
- Наставникот подготвува кус опис на ситуација во која неколку момчиња навредуваат девојче поради нејзиниот изглед (носи очила, не е убаво облечена, подебелка е и сл.) и ситуацијата ја чита пред учениците. Најпрво учениците наведуваат како се чувствува девојчето и како би се чувствувале тие на нејзино место. Потоа учениците се делат во групи. Еден дел од групите смислуваат како би постапиле со девојчето (што би направиле и што би ѝ кажале) за да покажат дека ја разбираат за да се чувствува подобро. Друг дел од групите смислуваат што би ја советувале да преземе за да не ѝ се повтори истата ситуација во иднина (но без користење насилство). Трет дел од групите смислуваат други ситуации во кои момчиња се однесуваат насилнички кон едно или повеќе девојчиња (на пример, ги удираат или тегнат за коса, ним или на други им упатуваат навредливи пораки). Секоја група го глуми тоа што го смислила (алтернатива е да го напише и прочита пред сите). На крајот се дискутира за различните видови (вербално, физичко) родово базирано насилство.

| Тема: ***СРЕДИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕАМ***<br>Вкупно часови: **26** часа | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. ја опишува половата, возрасната, образовната и етничката структура на населението во општината и во државата,<br>2. ја определува местоположбата на своето место на живеење на географска карта,<br>3. ги препознава симболите на општината, да ги наведува нејзините карактеристики, да објаснува како таа се грижи за сите граѓани и да опишува како се избира градоначалникот,<br>4. ги разликува стопанските дејности и да ги поврзува со факторите (климата, релјефот и природните ресурси) кои придонесуваат за нивниот развој,<br>5. разликува одговорно од неодговорно однесување кон животната средина.<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>6. развива еколошка свест и ќе се грижи за заштитата на животната средина. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • Население (структура на население, пол, возраст, етничка припадност, образование, графикон). | • Објаснува што значи полова, возрасна, етничка и образовна структура на населението.<br>• Интерпретира графикони во кои е претставена структурата на населението на ниво на општина и држава, според различни карактеристики (без конкретни бројки).<br>• Ги наведува карактеристиките на општината/населеното место според полот, возраста, образованието и етничката припадност на населението во неа (на обопштено ниво, без конкретни бројки). |
| • Општина на живеење (општина, градоначалник, симболи – знаме, грб). | • Наведува карактеристики на општината (местоположба на карта, кои населени места ги опфаќа, кои јазици се зборуваат). (За учениците од скопските општини важи следниот стандард – ја наведуваат местоположбата на нивната општина во рамки на градот Скопје, другите општините кои го сочинуваат градот, кои јазици се зборуваат во нивната општина и во другите општини во градот.)<br>• Ги препознава и опишува симболите на општината (знаме, грб).<br>• Го опишува начинот на избор на градоначалник.<br>• Наведува примери со кои илустрира како општината во која живее се грижи за образованието, здравјето, животната средина, спортот и културата и културното наследство. |

| | |
|---|---|
| | • Проценува колку општината во која живее е инклузивна за лицата со попреченост и за лицата од ранливите групи (стари лица и сиромашни лица).<br>• Наведува примери од културно-историското наследство на општината (стари градби, предмети од минатото, културно-историски споменици, обичаи, народни носии). |
| • Географска карта<br>(населба, град, село, местоположба, географска карта, картографски знаци). | • Ги одредува страните на светот на географска карта.<br>• Лоцира села, градови, реки, планини, езера на географската карта на Република Северна Македонија преку основни картографски знаци.<br>• Го лоцира своето место на живеење на картата на Република Северна Македонија (печатена или електронска).<br>• На географска карта идентификува градови, села, реки и планини во близина на местото на живеење, користејќи ги основните картографски знаци.<br>• Ги опишува местоположбата и природните одлики (планините/реките/езерата) во и околу местото во кое живее. |
| • Животна средина<br>Стопански дејности (земјоделство, сточарство, занаетчиство, трговија, рударство, индустрија, угостителство, туризам, шумарство, градежништво).<br><br>Природни ресурси, загадување, екологија, селекција на отпад, рециклирање. | • Именува и објаснува стопански дејности – земјоделство, сточарство, занаетчиство, трговија, рударство, индустрија, угостителство, туризам, шумарство, градежништво.<br>• Ги идентификува и опишува стопанските дејности во своето опкружување и во државата.<br>• Ги поврзува стопанските дејности во своето опкружување и во државата со релјефот, климата и природните ресурси.<br>• Наведува последици по животната средина од неодговорното однесување на луѓето при користење на природните ресурси.<br>• Наведува примери за одговорно однесување кон животната средина со кое се намалува штетното влијание врз неа.<br>• Ги наведува и опишува придобивките од собирањето, издвојувањето, повторната употреба и преработката на отпадните материјали. |

**Примери за активности**

- Користејќи графикони, учениците ја анализираат структурата на населението на ниво на општина и на држава.
- Учениците ги одредуваат страните на светот на географска карта, го покажуваат своето место на живеење (село, град) и ја одредуваат неговата местоположба во однос на околните места, планини и/или реки/езера.
- Учениците ја лоцираат Република Северна Македонија и своето место на живеење на *Google Earth, Google Map* или на друга апликација.
- Наставникот подготвува сложувалки од слики со симболите на општината (знамето и грбот), а учениците, поделени во мали групи, ја составуваат.
- Учениците истражуваат на интернет (Google Translate) како се вика *добар ден* на сите јазици кои ги зборуваат припадниците на различните етнички заедници во Република Северна Македонија. Учениците играат улоги: врз основа на извлечено ливче на кое пишува конкретна етничка припадност (на пример, Македонец/Македонка, Албанец/Албанка итн.) еден ученик се поздравува со учениците околу него (им вика; ,,Добар ден!“), користејќи го јазикот на таа етничка заедница.
- Учениците, поделени во групи, подготвуваат прашања во врска со тоа како општината се грижи за образованието, здравјето, животната средина, културата и спортот, за лицата со попреченост, за старите и за сиромашните жители. Потоа го посетуваат седиштето на општината и разговараат со градоначалникот и претставниците од општината за да добијат одговор на прашањата. Одговорите ги запишуваат и ги дискутираат во училница и подготвуваат предлози за подобрување на грижата на општината кои ги пишуваат во вид на барања до градоначалникот.
- Учениците, поделени во мали групи, изработуваат постери или мултимедијални презентации за рекламни кампањи посветени на унапредување на животната средина во општината (за чист воздух/вода, за селекција на отпад, за заштеда на електрична енергија, за велосипедски патеки, за фрлање отпад на места наменети за тоа итн.)
- Учениците, поделени во групи, на интернет истражуваат податоци за карактеристиките на општината. Добиените податоци ги користат за да направат брошура за општината (со графикони за структурата на населението, илустрации за природните богатства и културното наследство, текст за застапените стопански дејности и заштитата на животната средина). Алтернатива е да подготват мултимедијална презентација.
- Учениците преку игра на улоги симулираат ситуација за избор на градоначалник, на пример, наставникот подготвува две програми за кандидатите и список на гласачи од сите ученици во паралелката. За време на часот учениците изработуваат гласачка кутија и гласачки ливчиња со фиктивни имиња на кандидати за градоначалник. Ученици доброволци (едно машко и едно женско) влечат по една од програмите и ја читаат наглас пред сите. Други тројца, во улога на избирачки одбор, го спроведуваат гласањето – сите ученици гласаат за оној кандидат/кандидатка чија програма ја сметаат за подобра. На крај се бројат гласовите и се води дискусија зошто победил конкретниот кандидат (врз основа на елементи од програмата).
- Учениците на нема карта на Република Северна Македонија го обележуваат своето место на живеење, ги означуваат околните места, планините, реките и езерата во околината и ги бојат во соодветна боја.

- Игра *Погоди стопанска дејност.* Учениците, седнати во круг, на челото имаат залепени ливчиња со називи на стопански дејности (по една дејност на секој ученик), при што ученикот не може да види која дејност ја „застапува“. Преку посредни да/не прашања, (без директно прашање што ја именува дејноста) што им ги поставува на другите ученици секој треба да открие која стопанска дејност ја „застапува“.
- Учениците, поделени во мали групи, пополнуваат Т-табела во која внесуваат една стопанска дејност (различна за различни групи) и најмалку три фактора (поврзани со климата, релјефот и природните ресурси) од кои зависи развојот на таа дејност. Напишаното го презентираат пред другите и го лепат на заеднички постер.
- Учениците, поделени во групи, изработуваат истражувачки проект за тоа како се загадува (или може да се загадува) животната средина во нивната општина и нудат решенија како да се спречи загадувањето.
- Учениците подготвуваат мали постери кои содржат: 1) илустрација на неодговорно однесување кон животната средина ставено во знак СТОП и 2) текстуална порака за заштита на животната средина. Направените постери ги поставуваат во училишниот двор.

Тема**: *МОЈАТА ДРЖАВА***

Вкупно часови: **36** часа

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги наведува и опишува важните настани од минатото кои се значајни за создавањето на современата македонска држава,
2. го идентификува Скопје како главен град и ги опишува неговите карактеристики,
3. прави разлика меѓу најзначајните државни институции,
4. го објаснува мултикултурниот/мултиетничкиот и граѓанскиот карактер на државата.

Ученикот/ученичката ќе развива:

5. почитување за различните етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија,
6. идентитет на граѓанин на Република Северна Македонија.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Минатото на современата македонска држава (Илинденско востание, Крушевска република, Крушевски манифест, НОБ, АСНОМ, референдум, 8 Септември). | • Наведува кога се случило Илинденското востание (Крушевската република) и објаснува како тоа придонело/влијаело за создавањето на современата македонска држава.<br>• Наведува кога се случило Првото заседание на АСНОМ и како тоа придонело за создавањето на современата македонска држава.<br>• Го објаснува мултиетничкиот карактер на Прогласот на Крушевската Република/Крушевскиот манифест и на решенијата на АСНОМ.<br>• Наведува најмалку три значајни личности од различни етнички заедници кои придонеле за формирањето на современата македонска држава.<br>• Го наведува Денот на независноста на Република Северна Македонија и објаснува како дошло до нејзино осамостојување.<br>• Го наведува името на првиот претседател на независната македонска држава. |
| • Скопје – главен град (солидарност, земјотрес, Камен мост, Скопско кале, Стара скопска чаршија, Стара железничка станица, Даут пашин амам, музеј, театар). | • Ги опишува карактеристиките на главниот град на нашата држава (население, етничка структура, местоположба, реки, планини, Скопска Котлина).<br>• Го идентификува Скопје како град на солидарноста и како роден град на Мајка Тереза.<br>• Именува значајни градби и културни знаменитости лоцирани во главниот град (Камен мост, Скопско кале, Стара скопска чаршија, Стара железничка станица, Даут пашин амам, Скупи) и ги наведува основните карактеристики по кои се препознатливи.<br>• Го препознава Скопје како седиште на државните институции. |

| | |
|---|---|
| • Државни институции и симболи (Влада на Република Северна Македонија, Собрание на Република Северна Македонија, претседател на Република Северна Македонија, Устав на Република Северна Македонија, закон, знаме на Република Северна Македонија, грб на Република Северна Македонија, химна на Република Северна Македонија). | • Ги наведува Владата, Собранието и претседателот на државата како најзначајни државни институции.<br>• Објаснува како граѓаните ги бираат пратениците во Собранието за да ги застапуваат нивните интереси.<br>• Го препознава Собранието како институција во која се носи Уставот и сите закони на државата.<br>• Го препознава Уставот како највисок акт со кој се утврдени правата на граѓаните.<br>• Ја препознава Владата како институција која е одговорна за функционирање на државата во сферите: образование, здравство, стопанство, безбедност и меѓународна соработка.<br>• Ја препознава улогата на претседателот како шеф на државата и врховен командант на воените сили.<br>• Ги препознава и опишува државните симболи на Република Северна Македонија (знамето, грбот и химната). |
| • Мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата (култура, етничка група, мултикултура, Св. Кирил и Методиј, Ден на албанската азбука, Ден на наставата на турски јазик, Национален ден на Власите, Свети Сава, Меѓународен ден на Ромите, Меѓународен ден на Бошњаците). | • Ги набројува етничките заедници кои живеат во нашата држава и го наведува јазикот на кој зборуваат.<br>• Ги препознава празниците карактеристични за етничките заедници во државата кои се поврзани со нивниот културен идентитет и го наведува нивното значење.<br>• Ги наведува најзастапените религии во Република Северна Македонија и прави разлика меѓу верските објекти на секоја религија.<br>• Ги препознава Бајрам, Божиќ и Велигден како верски празници и ги опишува обичаите карактеристични за нивното празнување.<br>• Препознава дека има граѓани кои не припаѓаат на ниту една религија.<br>• Ги препознава основните елементи на културата: јазикот, обичаите, традицијата, храната, фолклорот.<br>• Ги препознава традиционалните јадења и десерти карактеристични за различните култури во државата и ги опишува сличностите меѓу нив.<br>• Ги препознава народните песни, ора и носии карактеристични за етничките заедници во државата и ги опишува сличностите меѓу нив.<br>• Го објаснува меѓусебното влијание на културите на различните етнички заедници кои живеат заедно. |

| | |
|---|---|
| | • Ги препознава сличностите и разликите во елементите на сопствената култура и културите на другите етнички заедници во Република Северна Македонија.<br>• Го објаснува мултикултурното општество како заедница на луѓе од различни култури кои живеат во иста држава, кои меѓусебно се почитуваат и соработуваат за остварување на заеднички цели. |
| • Граѓанскиот карактер на државата (граѓанска организација, волонтерство, еднаквост, слобода на говор, право на избор). | • Ја објаснува Република Северна Македонија како заедничка држава на сите граѓани кои живеат во неа, без оглед на нивната етничка припадност.<br>• Ја објаснува улогата на државата да се грижи за остварување на правата на образование, здравствена заштита, безбедност и чиста средина за живеење на сите нејзини граѓани.<br>• Го објаснува граѓанскиот карактер на државата определен со активното учество на граѓаните, еднаквоста на сите граѓани, слободата на говор и правото на избор.<br>• Го објаснува правото на сите граѓани да се здружуваат во граѓански организации и да преземаат волонтерски активности за заштита на различни интереси и задоволување на различни потреби. |

**Примери за активности**

- Учениците гледаат кратки видеоинсерти, илустрации и фотографии од историските настани важни за создавањето на современата македонска држава (оние кои се изучуваат).
- Учениците прават интервју со повозрасни личности, со претходно подготвени прашања од страна на наставникот, за создавањето на независната држава Република Северна Македонија. Потоа ги споделуваат одговорите со сите.
- Учениците, поделени во мали групи, истражуваат за личности кои придонеле за создавањето на современата македонска држава, а потоа подготвуваат мултимедијална презентација во која претставуваат три од нив кои се припадници на различни етнички заедници. Посебна група истражува за првиот претседател Киро Глигоров и за него подготвува мултимедијална презентација.
- Учениците креираат албум од фотографии (во хартиена или електронска форма), проследени со кус текст, преку кој се презентира градот Скопје со неговите значајни градби и културни знаменитости (Камениот мост, Скопското кале, Старата скопска чаршија, Старата железничка станица, Даут пашиниот амам, Музејот на холокаустот, Музејот на современа уметност, театрите).
- Наставникот организира квиз (со прашања со повеќечлен избор) за градот Скопје, за бројот на жители, етничката структура, местоположбата (Скопска Котлина, река Вардар, околни планини) и по одговарањето на секое прашање ги презентира точните одговори преку илустрации и/или графикони. Доколку е можно, квизот може да се реализира преку апликацијата mentimeter.com.

- Наставникот подготвува неколку текстови за различни периоди од животот на Мајка Тереза и за незјината хуманост. Учениците, поделени во групи, влечат по еден од текстовите и откако ќе го проучат од него ги избираат најкарактеристичните пасуси и/или цитати и ги подготвуваат за заеднички постер. Постерот е продукт на работата на сите групи и откако ќе биде готов учениците го презентираат пред целата паралелка.
- Наставникот го презентира документарниот филм за скопскиот земјотрес по што организира дискусија со учениците за катастрофалните последици од земјотресот и за тоа како Скопје станал град на солидарноста. Во дискусијата посебно се обрнува внимание на поимот солидарност.
- Учениците „учествуваат“ во виртуелна посета на Собранието на Република Северна Македонија преку веб-страницата на институцијата и дискутираат за улогата на пратениците и надлежностите на институцијата.
- Учениците го споредуваат изборот на пратениците во Собранието со изборот на ученичките тела во училиштето и ги бараат сличностите во процедурите и улогата на избраните претставници на народот, односно на учениците.
- Наставникот подготвува ливчиња со членови од Уставот на Република Северна Македонија во кои се наведени гарантираните права на образование, здравствена заштита и заштита на животната средина. Секоја група ученици влече по едно ливче (за еден член) и смислува ситуации од реалноста преку кои се гледа како Владата и другите институции во државата се грижат за обезбедување на овие права.
- Учениците, поделени во шест групи, подготвуваат мултимедијална презентација на следните теми (по две групи за иста тема): 1) *Етничките заедници во* Република Северна Македонија *и јазикот кои го зборуваат*; 2) *Најзастапените религии во* Република Северна Македонија *и верските објекти*; 3) *Празнувањето Бајрам, Божиќ и Велигден*. Во рамките на секоја тема едната група работи на пронаоѓање на сличностите, а другата на разликите. Потоа секоја група го презентира сработеното пред паралелката. На крајот се води дискусија за да се заклучи дека сличностите треба да се нагласуваат, а разликите да се почитуваат. Притоа, наставникот нагласува дека има граѓани во Република Северна Македонија кои не припаѓаат на ниту една религија и дека таквата нивна определба треба да се почитува. Активноста може да се реализира на два последователни наставни часа.
- Учениците влечат ливчиња на кои се напишани етничките заедници во Република Северна Македонија, врз основа на што се групираат во групи. Секоја група истражува за традиционалната храна на етничката заедница што ѝ се паднала и подготвува кус текст проследен со илустрации што ги става на слајд од мултимедијална презентација. Потоа наставникот ги обединува слајдовите во заедничка презентација која се прикажува пред сите ученици во паралелката. Врз основа на презентацијата се води дискусија преку која се констатираат сличностите во традиционалната храна на сите етнички заедници. Активноста може да се реализира на два последователни наставни часа.
- Учениците влечат ливчиња на кои се напишани етничките заедници во Република Северна Македонија, врз основа на што се групираат во групи. Секоја група истражува за народната музика, народните игри и традиционалната носија на етничката заедница што ѝ се паднала и подготвува кус текст проследен со илустрации што го става на слајд од мултимедијална презентација. Потоа наставникот ги обединува слајдовите во заедничка презентација, која се прикажува пред сите ученици во паралелката. Активноста може да се реализира на два последователни наставни часа.

- Наставникот подготвува календар со сите празници во Република Северна Македонија. Учениците ги издвојуваат празниците кои ги празнуваат само припадниците на одделните етнички заедници во Република Северна Македонија, а се поврзани со нивната култура (Св. Кирил и Методиј, Ден на албанската азбука, Ден на наставата на турски јазик, Национален ден на Власите, Свети Сава, Меѓународен ден на Ромите, Меѓународен ден на Бошњаците). Откако наставникот ќе го презентира значењето на секој празник, учениците преку заедничка дискусија ги констатираат сличностите во поводите за празнување на празникот на својата етничка заедница и празниците на другите етнички заедници.
- Учениците гледаат епизода од детска серија (на пример, „Наше маало“) со цел да се дискутираат предностите од дружењето на деца од различни етнички заедници.
- Наставникот подготвува неколку ситуации (илустрации и/или текстови) во кои се прикажани: 1) ученик/ученичка во количка кој/која не може да оди на училиште затоа што нема пристапна рампа во училиштето и има многу препреки (како, на пример, скали, прагови) на патот до училницата; 2) ученик кој се плаши да се пожали на директорот за неправедниот третман на наставникот кој му ставил единица затоа што не ја истригол косата; 3) ученик/ученичка кој/која не може да оди на екскурзија затоа што родителите не можат да платат, 4) ученичка која не ја примаат во фудбалскиот тим затоа што е женско, иако многу добро игра фудбал. Учениците ги анализираат овие ситуации со цел да откријат како се загрозени активното учество, еднаквоста, слободата на говор и правото на избор на учениците во дадените ситуации и наведуваат аналогни примери на слични загрозувања на истите права кај граѓаните на ниво на држава. Исто така, од учениците се бара да понудат решенија за тоа како учениците, односно граѓаните, може да придонесат за надминување на таквите ситуации во реалноста.
- Учениците, поделени во групи, симулираат ситуација на формирање здружение на граѓани кое ќе се бори за воведување здрава исхрана во училиштата, главно ориентирана на овошки, зеленчуци, житарки со млеко/јогурт и негазирани сокови без шеќери и додатоци. Притоа, секоја група подготвува план за дејствување (обезбедување услови во училиштето, водење кампањи, привлекување инвеститори и сл.), кој го презентира пред другите во паралелката. На крајот се дискутира за придобивките од заедничкото дејствување за постигнување на целта.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот и постигањата на учениците. За учество во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- придонесот во групните активности,
- учеството во истражувањата,
- изработката на проектите,
- одговорите на квизови кои се дел од поучувањето,

- придонесот во изведување на заклучоците,
- работните листови,
- домашните задачи,
- практичните изведби поврзани со стандардите за оценување.

По завршување на учењето на секоја тема учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Врз основа на напредувањето констатирано преку техниките и методите во формативното оценување се изведува сумативната оценка која ги опишува постигањата на ученикот. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2021/2022 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Историја и општество* за IV одделение.** | бр. 08-7413/2<br>10.05.2021 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска, с.р. |